Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014 и 44/2014) и член 6 од Правилник за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 34/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на 27 мај 2014 година донесе

Одлука

за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2014 година

**Член 1**

Во Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2014 година (број 02-299/3 од 30 декември 2013 година, број 02-5472/2 од 27 март 2014 година и број 02-7799/2 од 12.05.2014 година), во членот 1 во табелата се додава следната табела:

| Р.бр. | Шифра | ПЗУ Аптека | Подрачна служба | Месечен износ |
|---|---|---|---|---|
| 719 | | ПЗУ АПТЕКА ВЕРА с.Ростуше,Маврово | Гостивар | 80.000 |
| 720 | | ПЗУ АПТЕКА ЈАГЛИКА с.Јурумлери | Скопје | 80.000 |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јуни 2014 година.

Број: 02-9140/6
02-06-2014 2014 година
Скопје

УПРАВЕН ОДБОР
Заменик на претседателот,
Ангел Митевски

Изготвил: Елена Тулевска
Контролирал: Владимир Димковски
Одобрил, директор: М-р Маја Парнарџиева-Змејкова
Џемали Мехази
Xhemali Mehazi